Macedonian

# Тргнување во забавиште –
## кое е најдоброто време?



Владата на Викторија обезбедува финансиски средства за да им помогне на децата да одат во забавиште во годината пред да тргнат на училиште.

Важно е децата да тргнат на училиште кога се спремни да учат во поофицијално опкружување. Па затоа е важно родителите да размислат кое е најдоброто време за нивното дете да тргне на училиште - зашто според тоа ќе се утврди и кое е најдоброто време за тргнување во забавиште.

- Секое дете што тргнало во забавишна програма може да се отпише ако родителите одлучат дека детето нема да тргне на училиште наредната година. Оваа одлука обично се донесува преку обемни разговори меѓу родителите и учителот од забавиштето за тоа што ќе биде најкорисно за детето. Испишувањето од забавишната програма пред завршувањето на второто тримесечје значи дека детето сепак ќе може да се врати наредната година и да посетува забавиште цела година пред да тргне на училиште.
- Исто така постои можност и за посетување забавиште две години за децата за кои е оценето дека доцнат во развојот (погледнете ја книшката “Дали на моето дете му е потребна и втора година во забавиште?”)

Може да настане забуна меѓу овие можности кога родителите ќе се соочат со информацијата дека на нивното дете можеби ќе му користи ако почека уште една година пред да тргне во забавиште. Ве молиме поразговарајте со персоналот во вашата служба.

## Чекање уште една година за забавиште

Секое дете се развива со своја сопствена брзина, и иако според возраста вашето дете можеби ги исполнува условите за тргнување во забавиште, други чинители може да влијаат на неговата подготвеност за такво искуство.

Откако ќе донесете одлука и вашето дете ќе тргне во забавиште, вие и учителот може да почнете да забележувате знаци дека вашето дете не е спремно за такво искуство. Уште од самиот почеток треба да има отворена, чесна комуникација меѓу вас и учителот, при што во преден план треба да се стави она што најмногу ќе му користи на детето, како и потребите на семејството.

Со текот на времето може да се заклучи дека вашето дете ќе има поголема корист од забавиштето ако почека една година. Најчесто проблемот е во незрелоста на детето и тој проблем ќе се намали или ќе исчезне со текот на времето. Во таква ситуација, ако го испишете вашето дете пред крајот на второто тримесечје, тогаш тоа ќе може наредната година цела година да посетува забавиште.

Секој родител може да го испише своето дете до крајот на второто тримесечје и така да ја одложи годината за одење во забавиште, со тоа што детето ќе се врати во забавиштето наредната година.

## Запомнете

- Размислете внимателно дали постои веројатност вашето дете да биде спремно да тргне на училиште, па според тоа и кое е најдоброто време за детето да посетува забавиште. Ако не сте сигурни, зборувајте со други луѓе што го познаваат вашето дете и во чија процена можете да имате доверба.
- Појдете во забавиште, или на информативен состанок, и распрашајте се за забавишната програма.
- Пред и по тргнувањето на вашето дете во забавишна програма, споделете ги отворено со учителот вашите грижи, размисли и идеи во врска со вашето дете.
- Ако ви се потребни појаснувања или натамошни информации кое е најдоброто време за да тргне вашето дете во забавиште, зборувајте со учителот на вашето дете, со координаторот за згрижување на деца или со медицинската сестра за здравјето на мајките и децата.

**Иницијатива на владата на Викторија**

Victoria The Place To Be

© Оддел за образование и развој во раното детство, 2007 г.